**Градоначалник на Општина Свети Николе**

тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911

e-mail: info@svetinikole.gov.mk

www.svetinikole.gov.mk

До
- Совет на Општина Свети Николе

Предмет: Образложение за Нацрт Буџет 2025 година за Општина Свети Николе

Согласно Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа вкупниот буџет на Општина Свети Николе за 2025 година изнесува 535.535.968 денари од кој износ основниот Буџет изнесува 225.574.857 денари ,Самофинансирачките активности изнесуваат 16.952.600 денари, Блок дотациите изнесуваат 272.747.742 денари , Донациите изнесуваат 20.260.769 денари.

Нацрт Буџетот за 2025 година има развоен дел со развојни програми кои се однесуваат за:

-Реконструкција на улици и патишта во град Свети Николе .Средствата кои се предвидени во Буџетите за 2025 и 2026 година во вкупен износ од 40.000.000 денари истите се обезбедени од Буџетот на Општина Свети Николе .Со оваа развојна програма ќе се реконструират следните улици (крак на улиците "Септевриска","Ангел Трајчев","29-ти Ноеври","Вардарска","Трајан Циклев","11-ти Октомври",како и краци на улица "Скопска" и "Ванчо Ангелов"Реконструкција на пешачките патеки во Новиот Градски Парк и други улици во град Свети Николе .Целта на оваа развојна програма е да се подобри стандардот на жителите во населените места и непречено одвивање на сообраќајот во град Свети Николе.

- Изградба,санација и реконструкција на тротоари во град Свети Николе со бехатон плочки во централното градско подрачје ,тротоарите на улица Крсте Мисирков,улица Маршал Тито кај Земјоделското училиште ,тротоари на улица 4-ти Јули , исто така ќе се до реконструират преостанатите третоари во населба Бел Камен што не се санираа во 2024 година, како и други населени места во градот, за чија реализација се обезбедени средства од Буџетот на Општина Свети Николеза 2025 и 2026 година во вкупен износ од 6.000.000 денари .Целта на оваа програма

е подобрување на стандардот на жителите во град Свети Николе . Се очекува дека безбедноста на населението за движење низ градот ќе биде подигнато на едно повисоко ниво.

Во натамошното презентирање на Нацрт Буџетот за 2025 година на Општина Свети Николе ќе дадеме кратко резиме за секоја пооделна програма која е составен дел од Буџетот .

При креирањето на програмите во Буџетот се водеше сметка тие да се темелат на реално остварливи приходи и во рамките кои ни беа дадени со насоките од Министерство за финансии.

**-Програмата АОО –Совет на општина** изнесува во вкупен износ 5.095.000 денари . Од кој износ најголем дел е предвиден за надоместоци на советниците и персонален данок износ од 4.340.000 денари . Останатиот дел од програмата се однесува на ( тековка резерва,патни и дневни расходи ,телефон и телефакс,репрезентација и др. трансфери).

**-Програмата ДОО-Градоначалник** изнесува во вкупен износ од 17.028.000 денари .Во оваа програма најголем дел зафаќа отплатата на кредитот за ул. Малдинска и Крсте Мисирков во износ од 4.760.228 за двата ануитети од кои едниот доспева во февруари а другиот во август месец 2025 година.Вториот кредит со кој се направија улици во нови населби во Свети Николе доспеа за плаќање и истиот ќе се плаќа во два ануитети март и септември во вкупен износ од 4.789.772 денари.Поради зголемување на каматите за 2025 година се предвидени 3.000.000 денари .Во оваа програма се предвидени средства за плата.Надоместоци од плата за Градоначалник во износ од 1.958.000 денари .Останатите трошоци се однесуваат на тековни резерви ,Патни и дневни расходи ,Расходи за репрезентација ,камати за кредити ,трансфери за пензионирање , трошоци за извршни исправи и судски решенија.

**- Во програмата Д10 – Месна самоуправа** изнесува во вкупен износ од 400.000 денари на позицијата Други трансфери . Поради тоа што сите месни заедници согласно закон се во надлежност на Општината имаме обврска за било каква активност и потреби на месните заедници ние како општина да им ги подмируваме истите.

**-Во програмата Е00 –Општинска администрација** изнесува во вкупен износ од **58.860.000** денари. Најголем дел од оваа програма ја опфаќаат средствата предвидени за плати,придонеси и надоместоци од плати во износ од 41.395.000 денари. Другите предвидени средства во програмата се однесуваат на следниве трошоци (патни и дневни расходи,комунални услуги,канцелариски матријал,списанија и весници ,средства за хигиена, поправки и сервисирање на лесни возила ,одржување на згради ,осигурување на недвижности и права ,осигурување на моторни возила, правни услуги,плаќање на судски такси,услуги за копирање и печатење,Консултаски услуги,надомест за К15 на вработените ,привремени вработувања и др. договорни услуги. Во вкупен износ од 17.465.000 денари.

**Програмата ЕАА– Капитални расходи купување на друга опрема** изнесува во вкупен износ од 540.000 денари .Овие средства се предвидени за: набавка на преносни (лаптоп) компјутери , дестоп компјутери и мултимедијална опрема за опремување на сали за состаноци .

- **Програмата Ф10 –Урбанистичко планирање** изнесува во вкупен износ од 5.000.000 денари овие средства се предвидени за изработка на просторни и урбанистички планови износ од 3.000.000 денари и геодетски услуги во износ од 2.000.000 денари.

- **Програмата Ф20- Уредување на градежно земјиште** изнесува во вкупен износ од 2.350.000 денари во кои се предвидени средства за Надзор на изведени работи износ од 1.000.000 денари ,Стратегиска оцена на влијание на урбанистичките планови врз животната средина износ од 400.000 денари , елаборати за животна средина износ од 200.000 денари, стручна ревизија на урбанистички планови износ од 350.000 денари, и геомеханички истражувања износ од 400.000 денари.

- **Програмата ФАА- Уредување на градежно земјиште –Капитални расходи** изнесува во вкупен износ од 6.600.000 денари во кои се предвидени средства за Подготвување на техничка документација на сите видови проекти за инфраструктурни објекти и ревизија на истите во износ од 4.100.000 денари ,како и за експроприација односно надомест за одземен имот износ од 2.500.000 денари .

- **Програмата Г10- Подршка на Локален економски развој** изнесува во вкупен износ од 3.003.000 денари .Подршка на развојот на МСП и претприемаштво 200.000 денари,Зајакнување на капацитетите за ЛЕР и подготовка на проекти износ од 150.000 денари,Спроведување на активности од ЛЕР на Општина Свети Николе 300.000 денари, Дизајн и печатење на промотивен матријал 300.000 денари , Членарина за ЗЕЛС 160.000 денари ,Членарина за стационар за кучиња ЗЈП ШЕПА износ од 663.000 денари и НВО износ од 1.150.000 денари,други оперативни трошоци 80,000 денари.

**Програмата ГД0-Проекти за енергетска ефикасност-** изнесува во вкупен износ од 1.000.000 денари.Во оваа програма за енергетска ефикасност се имплементираат мерки и активности(поставување на фотоволтајци на дел од општинските институции) износ од 1.000.000 денари,

- **Програмата Г20- Потикнувсње нс развојот на туризмот** изнесува во вкупен износ од 300.000 денари .Во програмата се издвоени средства за следни активности согласно програмата за копирање ,печатење на промотивни матријали за промоција на Општина Свети Николе .

- **Програмата Ј30**- **Јавно осветлување** – изнесува во вкупен износ од 6.700.000 денари во кој износ се предвидени средства за електрична енергија на јавното осветлување износ од 4.500.000 денари и средства за тековно одржување на јавното осветлување износ од 1.800.000 денари и Новогодишно украсувањ во износ од 400.000 денари.

- **Програмата Ј40 –Јавна Чистота** изнесува во вкупен износ од 7.500.000 денари во овој износ се предвидени средства за тековно одржување на јавните зелени површини во градот износ од 4.800.000 денари кои средста ги плаќаме на ЈКП Комуналец за извршена услуга согласно договор .Средства предвидени за проект јавна чистота со кој се ангажираат времено лица од социјално загрозени семејства во период мај-октомври се со цел подобро одржување и чистење на јавно прометните површини во Општина Свети Николе износ од 1.000.000 денари ,за зимско одржување на улици и патишта во Општина Свети Николе износ од 1.200.000 денари како и 500.000 денари за чистење на решно корито на река Периш .

**- Програмата Ј50- Јавен Локален превоз на патници** изнесува во вкупен износ од 600.000 денари Со цел да им се помогне на жителите од околните селски средини да можат да дојдат во градот и сите свои потреби на поевтин и поекономичен начин ги реализираат. Оваа потреба се пројави по барање на жителите од околните села . Општина Свети Николе во 2019 година го воведе локалниот превоз кон селата Ерџелија,Мустафино,Кадрифаково ,Горобинци,Пеширово,Сопот,
Црнилиште и Амзабегово и истиот продолжува да се реализира и во 2025 година со тенденција да се а се прошират релациите и кон село Сопот.

**- Програмата Ј60- Одржување и заштита на локални патишта ,улици и регулирање на режим на сообраќај** изнесува во вкупен износ од 1.000.000 денари . Средствата предвидени во оваа програма се за поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на локалните улици и патишта.

**- Програмата Ј70**- **Одржување и користење на паркови и зеленило** изнесува во вкупен износ од 500.000 денари средствата се предвидени за одржување на зелени површини околу згради(набавка на расадни цвекиња и дрвца).

**- Програмата Ј80** – **Други комунални услуги** изнесува во вкупен износ од 700.000 денари од кој износ 500.000 денари се предвидени за ерадикација на животни скитници и дератизација,додека износот од 200.000 денари е предвиден за рушење на бесправно изградени објекти во Општина Свети Николе .

- **Програмата ЈДА –Реконструкција на улици и патишта во град Свети Николе и селата** изнесува во вкупен износ од 20.000.000 денари .Ова е развојната програма која е донесена на 15 ноември 2024 год.и истата е составен дел од Буџетот за 2025 година. Изградба и реконструкција на улици и патишта во град Свети Николе каде согласно програмата ќе се однесува на следните улици (крак на улиците “Септевриска“,“Ангел Трајчев“,“29-ти Ноеври“,“Вардарска“,“Трајан Циклев“,“11-ти Октомври“,како и краци на улица “Скопска“ и “Ванчо Ангелов“Реконструкција на пешачките патеки во Новиот Градски Парк и други улици во град Свети Николе

**-Програмата ЈДВ–Реконструкција на тротоари и улици во град Свети Николе со бехатон** изнесува во вкупен износ од 3.000.000 денари Ова е развојната програма која е донесена на 15 ноември 2024 год.и истата е составен дел од Буџетот за 2025 година.За 2025 година е планирано е реконструкција на тротоарите бехатон плочки во централното градско подрачје ,тротоарите на

улица Крсте Мисирков,улица Маршал Тито кај Земјоделското училиште ,тротоари на улица 4-ти Јули , исто така ќе се до реконструират преостанатите третоари во населба Бел Камен што не се санираа во 2024 година, како и други населени места во градот.

**-Програмата ЈДС–Реконструкција на улица Македонска во град Свети Николе** изнесува во вкупен износ од 1.745.237 денари. Реконструкцијата на оваа улица ќе се направи од обезбедени стредства преку јавниот повик од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт и врски.

**-Програмата ЈДЕ–Реконструкција на улица Глигор Прличев во град Свети Николе** изнесува во вкупен износ од 3.219.025 денари. Реконструкцијата на оваа улица ќе се направи од обезбедени стредства преку јавниот повик од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт и врски.

**-Програмата ЈДГ–Реконструкција на улица Септемвриска во град Свети Николе** изнесува во вкупен износ од 2.529.881 денари. Реконструкцијата на оваа улица ќе се направи од обезбедени стредства преку јавниот повик од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт и врски.

**-Програмата ЈДИ–Реконструкција на улица Живко Чинго крак 1 во град Свети Николе** изнесува во вкупен износ од 3.825.855 денари. Реконструкцијата на оваа улица ќе се направи од обезбедени стредства преку јавниот повик од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт и врски.

**-Програмата ЈДМ–Реконструкција на улица Улоф Палме во град Свети Николе** изнесува во вкупен износ од 3.693.373 денари. Реконструкцијата на оваа улица ќе се направи од обезбедени стредства преку јавниот повик од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт и врски.

**-Програмата ЈДН–Реконструкција на улица Кумановска и Ќиќевачка во град Свети Николе** изнесува во вкупен износ од 8.407.902 денари. Реконструкцијата на оваа улица ќе се направи од обезбедени стредства преку јавниот повик од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт и врски. Износ од 6.708.681 денари и дел кој ќе биде обезбеден од Буџетот на Општина Свети Ниоле во износ од 1.699.221 денар.

**-Програмата ЈДР–Реконструкција на улица Борис Трајковски во град Свети Николе** изнесува во вкупен износ од 3.997.841 денари. Реконструкцијата на оваа улица ќе се направи од обезбедени стредства преку јавниот повик од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт и врски.

**-Програмата ЈДТ–Реконструкција на улица с. Црнилиште Свети Николе** изнесува во вкупен износ од 4.382.335 денари. Реконструкцијата на оваа улица ќе се направи од обезбедени стредства преку јавниот повик од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт и врски.

**-Програмата ЈДВ–Реконструкција на улица с. Горобинци град Свети Николе** изнесува во вкупен износ од 4.888.704 денари. Реконструкцијата на оваа улица ќе се направи од обезбедени стредства преку јавниот повик од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт и врски.

**Програмата ЈД3–Реконструкција на улица Сопотска во град Свети Николе** изнесува во вкупен износ од 5.187.872 денари. Реконструкцијата на оваа улица ќе се направи од обезбедени стредства преку јавниот повик од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт и врски.

**-Програмата ЈГА –Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување** изнесува во вкупен износ од 2.000.000 денари . Средствата предвидени во оваа програма ќе бидат наменети за реконструкција на капацитети за водоснабдување во Општина Свети Николе ,

- **Програмата ЈИВ –Изградба на атмосферска канализација и речни корита** изнесува во вкупен износ од 2.000.000 денари . Средствата предвидени во оваа програма за реконструкција на канализациони мрежи во град Свети Николе е предвиден износ од 2.000.000 денари.

**-Програмата ЈМА-Изградба на паркови површини ,пешачки и велосипедски патеки** изнесува во вкупен износ од 1.100.000 денари . Средствата се предвидени за одржување на фонтаната во град Свети Николе износ од 100,000 денари.Во оваа програма е предвидено изградба на детски игралиштаво населба Поглед и на ул.Младинска на празниот простор ,изградба на детско катче во Градскиот парк во Свети Николе износ од 1.000.000 денари.

**-Програмата ЈМВ –Изградба на пешачка патека покрај Светиниколска река во Градски парк** изнесува во вкупен износ од 1.277.116 денари . Средствата предвидени во оваа програма се обезбедени преку јавниот повик од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт и врски

**-Програмата ЈНА-Друга урбана опрема –Капитални расходи** изнесува во вкупен износ од 1.300.000 денари . Средствата предвидени во оваа програма ќе бидат наменети за набавка на клупи за седење на јавни површини ,корпи за отпадоци и чешми за на јавни површини 150.000 денари . Додека 150.000 денари ќе бидат наменети за набавка и монтирање на лулашки,кошови,голови на детски игралишта и мрежа за нивно оградување во град и селата.Предвидени се 1.000.000 денари средства од Буџетот за партерно уредување на централното градско подрачје и стара чаршија во град Свети Николе.

**-Програмата К20- Музичка и сценско-Уметничка дејност** изнесува во вкупен износ од 10.243.426 денари . Средствата предвидени во оваа програма ќе бидат наменети за плати и надоместоци од плати во износ од 8.473.333 денари за вработените во Дом на култура К.П. Мисирков, додека 53.493 денари им останувaат за оперативни трошоци.Блок дотација за 2025 година е доволна само за платите на вработените и од тие причини Општина Свети Николе мора од основниот Буџет да издвои средства за да може Домот на културата непречено да функционира .Од Буџетот на Општина средства во износ од 500.000 денари се обезбедени средства за опертвни трошоци (струја,вода и др. ).За останатите оперативни расходи за 2024 година средства се обезбедени од сопствени приходи во износ од 1.216.600 денари.

- **Програмата К30- Музичка и кинотечна дејност** изнесува во вкупен износ од 7.436.026 денари . Средствата предвидени во оваа програма ќе бидат наменети за плати и надоместоци од плати за вработените во Народен Музеј Свети Николе во износ од 6.831.400 денари. Блок дотација за 2025 година е доволна за платите на вработените ,за оперативни трошоци им остануваат само 64.626 денари и од тие причини Општина Свети Николе мора од основниот Буџет да издвои средства за опертвни трошоци (струја,вода и др. трошоци )за да може Народниот музеј непречено да функционира во износ од 500.000 денари .

- **Програмата К40- Културни манифестации и творештво** изнесува во вкупен износ од 2.470.000 денари . Средствата предвидени во оваа програма ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Свети Николе а наменети за разни културни манифестации кои ќе бидат одржани во текот на 2024 година ( Светиниколски културен бран, манифестација по повод "Тодорица"-фестивал на изворен фолклор ," Свети Никола" патрон на градот , Моторијада , Хип-хоп настан,Новогодишна и Божиќна програма и многу др. манифестации).

- **Програмата КАО- Културни манифестации и творештво ( Капитални трошоци)** изнесува во вкупен износ од 55.000 денари . Средствата предвидени во оваа програма ќе бидат обезбедени од сопствени приходи на Дом на Културата" Крсте Мисирков"износ од 55.000 денари.

- **Програмата ЛО0 –Спорт и рекреација** изнесува во вкупен износ од 3.440.000 денари .Во рамките на оваа програма ќе бидат реализирани неколку спортски настани (Летен турнир во мал фудбал во Свети Николе , Летен турнир во мал фудбал с. Мустафино и Летен турнир во мал фудбал с. Ерџелија,Меморијален турнир" Александар Серафимов",Турнир во кошатка 3Х3,Меморијален турнир во шах "Тони Милошев" )за кои активности се предвидени 470.000 денари . Во оваа програма се предвидени средстава за подршка на спортски клубови од Општина Свети Николе врз основа на поднесени програми за нивни активности предвидени за 2025 година во износ од 2.970.000 денари. Подршка на млади и младинско учество износ од 230.000 денари.

- **Програмата ЛА0 –Спорт и рекреација(Капитални трошоци)** изнесува во вкупен износ од 5.000.000 денари .Во рамките на оваа програма се обезбедени средства за изградба на соблекувални и помошни простории на градски стадион)

-**Програмата МВ0 –Прекугранична Соработка** изнесува во вкупен износ од 500.000 денари . Средствата се предвидени за организирани посети на делегации во Свети Николе како и посети на Градоначалникот ,членовите на Советот во земјата и странство.

**- Програмата Н10 –Основно образование** изнесува во вкупен износ од 153.782.554 денари .Средствата предвидени во оваа програма ќе бидат наменети за плати и надоместоци истите се обезбедени од блок дотација во износ од 131.588.786 денари од блок дотацијата за оперативни трошоци на сите три Основни училишта се предвидени 18.760.214 денари .Од сопствени приходи за оперативни расходи се предвидени 469.000 денари. За останатите оперативни расходи за 2025година во износ од 2.479.806 денари средствата се обезбедени од Буџет на Општина Свети

Николе ( плата за една вработени за целодневна настава со скратено работно време во ООУ Гоце Делчев и две вработени во ООУ Св.Кирил и Методиј ,за новогодишни пакетчиња за првачињата, за награди и признанија на талентирани ученици и нивните ментори,како и паричен надомест за секое ново запишано прваче во учебната 2025/2026 година).

**-Програмата Н20 –Средно образование** изнесува во вкупен износ од 59.499.053 денари .Средствата предвидени во оваа програма ќе бидат наменети за плати и надоместоци истите се обезбедени од блок дотација во износ од 49.116.530 денари од блок дотацијата за оперативни трошоци на СОУ Кочо Рацин се предвидени 4.583.470 денари.Од сопствени приходи за оперативни расходи се предвидени 3.060.000 денари. За останатите оперативни расходи за 2025година во износ од 743.000 денари средствата се обезбедени од Буџет на Општина Свети Николе (за награди и признанија на талентирани ученици и нивните ментори,предвидени се средства и за надомест за ученици кои ќе се запишат во прва година во СОУ Кочо Рацин.Средства обезбедени од Донации преку разни проекти преку програмата "ЕРАЗМУС +" се обезбедени средства во износ од 1.996.053 денари.

**-Програмата НАО–Капитални расходи- Основно образование** изнесува во вкупен износ од 60.000 денари. Ове средства се предвидени во Буџетот на Општина од сметка за донации.

**Програмата Р1О –Заштита на животна средина и природата** изнесува во вкупен износ од 12.458.265 денари .Овие средства се од добини проекти од страна на Општина Свети Николе и тоа Проект CityMove и проект Лабараторија на отпорност во Свети Николе .

**Програмата РАО –Заштита на животна средина и природата (капитален расход)** изнесува во вкупен износ од 4.311.703 денари за Проект CityMove.

**- Програмата В10 –Детски градинки** изнесува во вкупен износ од 63.831.890 денари **.** Од овој износ Од Буџетот на Општина се издвоени 3.510.000 денари кои ќе бидат наменети за (еднократна парична помош на социјално загрозени семејства,еднократна парична помош за самохрани родители, еднократна парична помош за жртви од семејно насилство, парична помош за новородено дете,еднократна парична помош на стари и изнемоштени лица,доделување на социјални пакети по повод Св. Никола ,Новогодишни пакетчиња за децата во детска градинка , поддршка на децата со посебни потреби и децата со аутизам и друго). Од блок дотациите за плати и надоместоци е предвиден износ од 38.757.777 денари додека за останатите оперативни трошоци е предвиден износ од 8.792.113 денари. Од сопствните приходи се предвидени 11.822.000 денари исто така за подмирување на тековни оперативни расходи. Додека во делот на донации е искажан проектот за Општо корисна работа склучен помеѓу Општина Свети Николе ,Агенцијата за вработување и УНДП во износ од 950.000 денари.

**-Програмата ВАА –Социјална заштита –Капитални расходи** изнесува во вкупен износ од 410.000 денари **.** Износот од 120.000 денари кој е предвиден во Буџетот на Општина е за тековно

одржување на Одмаралише во Стар Дојран .Додека 290.000 денари се предвидени средства од сопствени приходи на детска градинка “Рахилка Гонева “.

**-Програмата ЊО0** – **Противпожарна заштита** изнесува во вкупен 14.580.830 денари додека од блок дотацијата се предвидени 5.726.000 денари за плати и придонеси од плати кои не се доволни и затоа Општина Свети Николе предвидува од сопствениот буџет за плати и придонеси во износ од 7.134.830, од кој за хранарина за пожарникарите износ од 430.000 денари. За останатите оперативни трошоци за 2025 година предвидени се средства од Буџетот на Општина во износ од 1.720.000 денари ( поправки на возила,гориво и масла,регистрација на возила,електрична енергија,водовод и канализација ,телефон, ,награди и признанија,средства за хигиена,набавка на заштитна опрема за вработените во ТППЕ ).

**-Програмата Х10** – **Родова еднаквост** изнесува во вкупен износ од 90.000 денари **.**За реализација на активностите од оваа програма предвидени се средства од Буџетот на Општина Свети Николе.

Градоначалникот на Општина Свети Николе заедно со секторите и одделенијата во општината на секаков начин се трудат да се уберат сите предвидени сопствени приходи за 2025 година кои се темелат на реална проекција ,како и да аплицира на разни јавни повици се со цел да добиеме како општина средства во вид на донации, грантови и др.

Општина Свети Николе во 2025 година влегува со подмирени обврки од 2024година кон своите добовувачи сите приходи кои ќе бидат остварени во 2025година ќе бидат искористени за реализација на новите проекти кои се предвидени со програмите кои се составен дел на Буџетот за 2025 година.

**НАПОМЕНА: Почитувани советници Нацрт програмите што се составен дел од Нацрт Буџетот за 2025 година Ви ги доставуваме се со цел во наредниот период додека биде закажана седница на Советот на Општина Свети Николе бидат разгледани од Ваша страна .За програмите и Буџетот од Ваша страна можете да доставувате измени во вид на амадмани преку архивата на Општина Свети Николе . Сите поднесени амадмани ќе бидат разгледани на комисија за Финансии и Буџет а на самата седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одлучува по секој амадман пооделно како и за секоја програма пооделно.**

**Ве молиме да се држите во рамките на Нацрт Буџетот за 2025 година и доколку некоја ставка во некоја Програма сакате да ја зголемите со амадман мора да кажете од која ставка и од која програма ќе намалите за истиот тој износ а во која програма и ставка ќе зголмите.**

**Општина Свети Николе**

**Градоначалник**

**____________________**

**Дејан Владев**